www.upoz.org.mk

СИНДИКАТ НА РАБОТНИЦИТЕ ОД УПРАВАТА, ПРАВОСУДНИТЕ ОРГАНИ И ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ГРАЃАНИ НА Р. МАКЕДОНИЈА

Синдикален

# БИЛТЕН

СИНДИКАТ УПОЗ

БР. 60 (1) • ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2011

### ПРВА СЕДНИЦА НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (26.01.2011 ГОДИНА)

# КОНСТИТУИРАНИ ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

***Првата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ после 6-тото Собрание се одржа на 26.01.2011 година. На неа беа верификувани мандатите на новото Претседателство, беше усвоен Деловникот за работа на Претседателството и се изврши избор на членови на Извршниот одбор и Статутарната комисија на Синдикатот на УПОЗ.***



По одржување на Шесттото собрание како највисок собир, Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓани на 26.01.2011 година ја одржа својата прва седница на Претседателството. На почетокот на седницата се верификуваа членовите на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ и тоа: Пецо Грујовски - претседател и членови: Ицо Лазаревски- Фонд за ПИОМ, Златко Јовановски - Фонд за здравствено осигурување, Љубиша Јовановски - Агенција за катастар на недвижности, Васе Неданоски- Управа за јавни приходи, Славчо Ѓорѓиевски - Управа за водење на матични книги, Игор Миќев - Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Радмила Бојковска - Управа за хидрометеролошки работи, Љатиф Жаку - Општина Струга, Душко Бужаровски - Општина Карпош, Љупчо Спировски Казнено-поправни и Воспитно-поправни установи, Зоран Георгиевски - Државен завод за статистика, Драган Јосевски - Апелационо подрачје Скопје, Соња Батлеска - Апелационо подрачје - Битола, Верица Тасева - Апелационо подрачје Штип, Насуф Ќамили - Апелационо подрачје Гостивар и Трајко Златков - Здружение на возачи на РМ.

Откако со гласање се верификуваа членовите на Претседателството, се усвои Деловникот за работа на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ. Со овој Деловник се уредува начинот на работа на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, свикувањето на седниците, начинот на изградување ставови, донесување одлуки, начинот на информирањето на членството и јавноста како и други прашања од значење за работата на Претседателството.

На седницата на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ беа предложени и усвоени членови на Извршниот одбор и членови и нивни заменици на Статутарната комисија на Синдикатот на УПОЗ.

**ЧЛЕНОВИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР**

- Пецо Грујовски, Претседател
- Ицо Лазаревски, Фонд за ПИОМ
- Верица Тасева, Апелационо подрачје Штип
- Радмила Бојковска, УХМР
- Драган Јосевски, Апелационо подрачје Скопје

**ЧЛЕНОВИ НА СТАТУТАРНАТА КОМИСИЈА**

- Борче Мирчевски, Претседател, Основен суд Охрид
- Татјана Алексовска Сапунџиоска, Државен архив на РМ
- Веселин Стојчевски, Фонд за здравствено осигурување
- Снежана Радојковиќ, Агенција за катастар на недвиж.
- Боро Варошлија, Фонд за ПИОМ

# ФОРМИРАНИ ОДБОРИ И КОМИСИИ

***Заради разгледување на специфичните интереси за одделни групации односно дејности на вработените-членови на Синдикатот на УПОЗ, на Првата седница на Претседателството беа формирани одбори и комисии.***

## А. ОДБОРИ

### 1. Одбор за државни и јавни службеници

- Игор Миќев, МЗШВ
- Душко Бужаровски, Општина Карпош
- Елизабета Јовчевска, Општина Велес
- Зоран Георгиевски, Државен завод за статистика
- Весна Вревезовска, Агенција за катастар на недвижности на РМ
- Видоја Николовски, Фонд за здравствено осигурување на РМ
- Кире Ѓорѓиевски, Локална самоуправа Битола

### 2 Одбор за колективно договарање, економски прашања, плати и надоместоци

- Фросина Мишева, Локална самоуправа Свети Николе
- Илија Трпевски, УЈП
- Слободан Беличански, Совет за радиодифузија
- Наум Бабука, УЈП
- Бошко Китановски, Фонд за ПИОМ

### 3. Одбор на локалната самоуправа

- Суат Мехмед, Општина Кочани (претседател)
- Ристо Делов, Општина Неготино
- Горан Мицевски, Општина Центар
- Зоран Павлосвки, Општина Крива Паланка
- Тино Алексов, Општина Кичево

### 4. Одбор на територијалните противпожарни единици

- Ивица Поповски, Општина Велес (претседател)
- Горан Чурлиноски, Општина Прилеп
- Јорде Нофитоски,Општина Гостивар

### 5. Одбор на судските службеници

- Иле Танев, Основен суд - Велес (претседател)
- Роза Алексова, Основен суд - Кавадарци
- Верица Тасева, Основен суд - Штип
- Драган Младеновски, Основен суд - Битола
- Стевица Саркоски, Основен суд - Тетово

### 6. Одбор во јавните обвинителства

- Жанета Киров, ОЈО, Скопје
- Мирјана Атанасовска, ОЈО, Прилеп
- Изабела Илиевска, ОЈО, Штип

### 7. Одбор на судска полиција

- Драган Јосевски, Основен суд 1, Скопје (претседател)
- Саше Далчевски, Основен суд Струга
- Александар Поцев, Основен суд - Радовиш
- Горан Тасевски, Основен суд - Велес
- Михајло Анакиовски, Основен суд Кичево

### 8. Одбор на КПУ и ВПУ

- Кристијан Смилковски, КПУ, Идризово (претседател)
- Блаже Лазаревски, КПУ, Штип
- Зоран Момировски, КПУ, Охрид
- Љупчо Спировски, ВПУ, Тетово
- Ѓоко Стојановски, КПУ, Прилеп
- Коле Ганзовски, КПУ, Шутка

### 9. Одбор на здруженијата на граѓани

- Марија Петреска, Стопанска комора на РМ
- Трајко Златков, Здружение на возачи - Скопје
- Гордица Бошковска, ССМ

### 10 Одбор за подготовка и организација на спортските игри и средби

- Пецо Грујовски, Претседател на Синдикатот на УПОЗ
- Панче Димов, УЈП
- Младен Колариќ, МЗШВ
- Соња Солевска, Министерство за економија
- Татјана Алексовска, Фонд за ПИОМ

## Б. КОМИСИИ

### 1. Комисија на Солидарниот фонд

- Илија Смилев, Здружение на граѓани (претседател)
- Горан Рајковски, ВМЦ
- Димитар Наумов, Апелационен суд Скопје
- Томо Ѓорѓиевски, ФЗО Скопје
- Димитар Варелов, пензионер

### 2. Комисија за натпревари на спортските игри

- Слободан Николовски, Општина Велес (претседател)
- Горан Коцев, Фонд за ПИОМ
- Зоран Милановски, Основен суд 1 Скопје
- Јанаки Меговски, Државен завод за статистика
- Ацо Милановски, Општина Карпош
- Петре Неделковски, Апелационен суд Скопје
- Биљана Стаматова, Министерство за финансии
- Наум Бабука, Управа за јавни приходи

ВТОРА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (19.03.2011 ГОДИНА)

# ШТО ЌЕ ДОНЕСАТ РЕФОРМИТЕ ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА?

***На Втората седница на Претседатството на Синдикатот на УПОЗ се расправаше за реформите во јавната администрација, се разгледуваа измените на Правилникот за Солидарниот фонд како и финансиските извештаи на Синдикатот на УПОЗ за 2010 година.***



Најавените реформи во јавната администрација се од големо значење за вработените од администрацијата бидејќи се потенцираат нови решенија околу приемот и отпуштањето на јавните и државните службеници, како и полагање на психолошки тестови и тестови за интегритет и за таа цел треба да се обрне поголемо внимание. Исто така, Синдикатот како легитимен претставник и како членка на Сојузот на Синдикати на Македонија се залага да одржи сеопфатна расправа која би ги опфатила сите аспекти на реформите во јавниот сектор. Како основен заклучок од расправата беше дека во овие активности треба да учествуваат и другите грански синдикати од јавниот сектор.

Во оваа насока беше одржан состанок и со Министерот за информатичко општество и јавна администрација, Иво Ивановски. На средбата беше заклучено дека Синдикатот на УПОЗ како и другите грански синдикати од јавниот сектор треба да бидат активни во креирањето на законите, како социјални партнери. Воедно, свесни за заедничката одговорност за подобрување на квалитетот на работа и придонесот на јавните и државните службеници како јавен сервис на граѓаните и стопанството, како и јакнење на довербата во капацитетите на администрацијата на Република Македонија, претседателот на Синдикатот на УПОЗ на средбата со министерот ја истакна потребата од склучување на Спогодба за социјално партнерство за реформите во јавниот сектор. Исто така, претседателот Пецо Грујовски истакна дека доколку се реализира оваа Спогодба, Синдикатот на УПОЗ со своето активно учество ќе придонесе за подобрување на дел од законските решенија.

**На седницата, Претседателот на Надзорниот одбор Биљана Стаматова истакна дека по увидот на Финансискиот извештај за периодот јануари-декември 2010 година на Синдикатот на УПОЗ беше констатитрано дека салдото од предходната година е задржано и по завршната сметка е зголемено. Исто така беше констатирано дека средствата од редовната сметка се уредно и домаќински трошени, согласно дадените намени.**

**Воедно, Надзорниот одбор позитивно се изјасни и за работењето со средствата од сметката на Солидарниот фонд.**

**ТРЕТА СЕДНИЦА НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ (05.05.2011 ГОДИНА)**

# СИНДИКАТОТ НА УПОЗ И НЕГОВАТА ПОЗИЦИЈА КОН ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ

***На Третата седница на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ големо внимание се обрна на предвремените парламентарни избори на РМ и барањата на Синдикатот. Истовремено на седницата се усвои Правилникот за Солидарен фонд со измените и дополнувањата кои ќе значат поголеми можности за користење на средствата на членовите на Синдикатот и се изврши именување на Генерален секретар во Синдикатот на УПОЗ.***

Непосредно пред одржувањето на предвремените парламентарни избори на 5 јуни 2011 година, и сега како и досега пред Синдикатот повторно се наметнува истото прашање: каков да (ќе) биде односот на Синдикатот кон изборите? Дали Синдикатот треба да биде настрана (и да биде незаинтересиран) за политичките процеси во државата, дали треба да се приклучи кон некоја политичка опција (коалиција) која ветува поголеми права за неговите членови или да остане целосно неутрален?

### Политичката неутралност е најрационалниот однос во сегашниот политички амбиент

Синдикатот како претставник и застапник на интересите на работниците односно како претставник на трудот има апсолутно право да влијае врз политичките процеси во државата. Затоа, на парламентарните избори 2011 година, Синдикатот на УПОЗ како еден од главните сегменти на синдикалното движење во државата не треба да остане надвор од политичките процеси ниту пак да нагласува или да влијае врз членството за било која политичка опција а уште повеќе, не би требало да се врзува за било која политичка партија и коалиција. Политичката неутралност во сегашниот политички амбиент во државата би бил најрационален од повеќе аспекти, а особено ако се има предвид искуството од минатото - политичката неутралност во овој момент е најдобрата опција за Синдикатот и неговите членови.

Но ова во никој случај не би требало да значи дека Синдикатот треба да биде нем посматрач на сите политички процеси, па и на изборните процеси во државата. Тој апсолутно има право јавно да ги презентира барањата на членството кои се однесуваат на подобрување на неговиот работно – правен статус, условите за работа, платите и др. Членовите имаат право преку својата организација, преку Синдикатот, да побараат подостоинствен живот, подобри плати...

Синдикатот нема да потпишува било какви спогодби, меморандуми и слично и без оглед на тоа што партиите по освојувањето на власта забораваат на ветеното, а предизборните ветувања не секогаш се исполнуваат, тој ќе има морално право секојдневно да бара и да ги потсетува на ветеното, па дури и да бара нивна оставка.


Милан Живковиќ

Согласно потребата за именување Генерален секретар на Синдикатот на УПОЗ, по предлог на Претседателот и согласност на Извршниот одбор беше предложен Милан Живковиќ. На седницата членовите на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ го прифатија предлогот Милан Живковиќ да биде волонтерски ангажиран во Синдикатот на УПОЗ за извршување на работни задачи кои се доверени на работното место Генерален секретар во рок од шест (6) месеци. Исто така беше предложено после овој рок да се оцени неговата работа и зависно од условите, договорот да биде продолжен.

### Со какви барања да настапи Синдикатот?

Во периодот до изборите, а со цел да излеземе со комплетно издржани и реални барања, потребно е синдикалните организации до Синдикатот на УПОЗ да ги достават своите предлог - барања. Во оваа насока, на седницата на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ ќе се разговара за оние барања кои се најзначајни за членството како што се, враќање на работното време (7.30 во лето 8,00 часот во зима), гаранција дека нереализираното зголемување на платите од 10 % (октомври 2012 год.) ќе биде реализирано во утврдениот рок, измени во Законите за јавни и државни службеници со кои ќе се врати достоинството на оваа категорија вработени, измени во Законот за работни односи и враќање на некои изгубени права, донесување на Закон за плати на јавната администрација, потпишување на колективни договори на сите нивоа, а особено потпишување на поединечните колективни договори (на ниво на работодавач), повеќе услови за стекнување на правото на пензија и сл.

►►►

Барањата со кои евентуално би настапил Синдикатот на УПОЗ би биле дефинирани на седницата на Претседателството во почетокот на мај. Доколку се изгради заеднички став кон идејата за активно учество во изборниот процес како и околу барањата со кои Синдикатот ќе се обрати до претендентите за освојување на власта (политичките партии), ќе бидат договорени и нашите натамошните активности.

Но, било каков став да се заземе во поглед на односот на Синдикатот на УПОЗ за претстојните предвремени парламентарните избори 2011 година, должни сме да ги поддржиме изборите и како граѓани на оваа држава да излеземе на избори, да ја искажеме слободно нашата политичка волја а со тоа да дадеме и сопствен придонес во креирањето на иднината на нашата држава.

Без оглед на исходот и нашите лични (поединечни) политички определби, Синдикатот на УПОЗ по завршувањето на изборите ќе мора да воспостави поинтензивна комуникација со Владата на РМ, Министерот за информатичко општество и јавна администрација, Министерот за правда и сите политички личности во својство на работодавач на кои е упатен на социјален дијалог - разговори и преговори, со цел да бидат остварени нашите барања.

На оваа седница се расправаше и за Предлог- Правилникот за Солидарен фонд. Се усвои нов основ за доделување на парична помош за новороденче и во член 15 се утврди дека за загрозена материјална состојба вкупните приходи по сите основи треба да изнесуваат 60% од просечната плата. Со овие забелешки беше усвоен предложениот Правилник за Солидарен фонд. Истовремено се разгледуваа и Предлог - Правилата и пропозициите за одржување на спортските игри и средби на Синдикатот на УПОЗ. На седницата претседателот на Натпреваруваčката комисија за спортски игри и средби ги образложи измените и дополнувања на Правилата и пропозициите кои беа направени на состанокот на Натпреварувачката комисија. Се воведоа две нови дисциплини пикадо во машка конкуренција и тенис во машка и во женска конкуренција.

# СЕ ОДРЖА КОНСТИТУТИВНАТА СЕДНИЦА НА СЕКЦИЈАТА НА МЛАДИ

Од потребата за синдикално активирање на младите членови Синдикатот на УПОЗ одржи конститутивна седница на Секцијата на млади на Синдикатот на УПОЗ со цел да почне да функционира, а пред се ја наметна потребата за едуцирање на млади кадри во Синдикатот на УПОЗ. На седницата се разговараше за тоа како ќе се подобри комуникацијата во Секцијата на млади во наредниот период, а потоа се верификуваат мандатите на членовите од организациите на новото Претседателство на Секцијата на млади.


Вјолца Ејупи

Со гласање се конституира новиот состав на Претседателството на Секцијата на млади и тоа: Вјолца Ејупи од Фондот на ПИОМ, Беким Бериша од Државниот завод за статистика, Дејан Проданоски од Државен архив на Македонија, Филип Пашоски Апелационо подрачје Битола (Основен суд Прилеп), Ангелина Котевска од УЈП, Кристина Кичевска од Основен суд 1, Санела Гоговска од Локална самоуправа Струга, Сашо Деспотоски од Стопанска комора на Македонија, Горан Чучуковски од Локална самоуправа Велес, Мухамед Нухиу од Агенција за катастар на недвижности, Силвана Андовска од МЗШВ, Панче Ќосев од Апелационо подрачје Штип (Основен суд Струмица), Билјана Лозановска од УВМК, Зоран Мироновски од КПУ Охрид и еден член од Фондот за здравствено осигурување.



За претседател беше избрана Вјолца Ејупи од Фондот на ПИОМ, а за заменик претседател беше избрана Кристина Кичевска од Основниот суд 1 Скопје. За членови на Извршниот одбор освен претседателот и заменикот кои по функција се членови беа предложени и изгласани Дејан Проданоски од Државнот архив на Македонија, Ангелина Котевска од УЈП и Беким Бериша од Државниот завод за статистика.

Беше договорено секцијата да се состанува на три месеци, да се воспостави комуникација преку некоја од социјалните интернет мрежи, се расправаше за начинот на функционирање како и активности поврзани со обезбедување на настани, семинари и аплицирање на проекти кои ќе придонесат за подобро едуцирање на младите членови во Синдикатот на УПОЗ. Се постигна консензус Секцијата на млади активно да учествува во наредните семинари и работилници на Синдикатот на УПОЗ, а посебно членовите на Претседателството и Извршниот одбор на Секцијата на млади.

# СЕ ОДРЖА ДВАЕСЕТИВТОРАТА СИНДИКАЛНА ШКОЛА

***Дваесетивтората Синдикална школа на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ), се одржа од 25 до 27 февруари 2011 година во хотелот Славија-Спектар-Охрид. На оваа синдикална школа беа презентирани три актуелни теми кои се од непосредна корист за членовите на Синдикатот.***
***Предавачите мошне инспиративно се обидоа пред слушателите на најдобар можен начин да ги презентираат темите и да го привлечат вниманието на присутните.***

**"Иницијативата на ССМ за воведување на повеќе услови за пензионирање во Законот за пензиско и инвалидско осигурување на РМ"** беше првата тема со која беше отворена дваесетивтората синдикална школа. Предавач беше Лилјана Јанкуловска од Сојузот на синдикатите на Македонија.

Таа ги истакна најзначајните новини во системот за пензиско и инвалидско осигурување, како и проблемите кои се појавуваат. Исто така таа даде предлози за надминување на проблемите во овој систем потенцирајќи дека системот на пензиското и инвалидското осигурување се состои од три столба и тоа: задолжително пензиско и инвалиско осигурување врз основа на генерациска солидарност, задолжително капитално финансирано пензиско осигурување и доброволни капитални финансирани пензиско осигурување.

Во нејзиното излагање таа посебно ги истакна и проблемите кои произлегуваат од сегашниот систем на пензиското и инвалидско осигурување, како и првите финансиски проблеми на првиот пензиски столб поради зголемување на дознаката на придонес на вториот столб за 32,7%, зголемувањето на бројот на осигурениците на кои не се уплатуваат придонеси и тој број изнесува меѓу 55-60.000 осигуреника, малиот износ на средства што се одвојуваат за во вториот столб не можат да обезбедат висока капитализација и повисоки пензии кај најголемиот број на осигуреници, постоење само на еден услов за пензионирање, а тоа е возраста, постоење на осигуреници кои неможат да остварат пензија бидејќи немаат најмалку 15 години работен стаж (за година или две) како и влијанието на економскиот развој и економската криза врз работењето на пензиските фондови.

За подобро функционирање на системот во РМ, Лилјана Јанкуловска даде и неколку предлози кои според Сојузот на Синдикати на Македонија би помогнале да се надминат проблемите.



Втора тема за која се говореше и беше доста актуелна и од голем интерес за учесниците беше „**Осврт врз примената на Законот за државни и јавни службеници**".

За оваа тема говореше Проф. Борче Давитковски, декан на Правниот факултет Јустинијан Први, Скопје. Тој во своето предавање го објасни значењето на поимот јавни службеници како и примената на Законот за државните и јавните службеници.

Под поимот јавни службеници се сметаат лицата кои вршат јавна служба, што значи дека можат да иступуваат и авторитативно во име на државата, додека другите лица кои вршат стручно-технички и помошни работи во органите на управата, установите, управните организации и сите други организации што со закон се овластени да вршат јавни овластувања, не спаѓаат во категоријата јавни службеници.

Неколку елементи на службеничкиот однос ја сочинуваат неговата суштина и на тој начин го диференцираат во потполност од работниот однос уреден со Закон за работните односи како што се постапката за вработување на јавните службеници, стручното оспособување и усовршување на јавниот службеник, посебната заштита на јавните службеници, ограничувањето на одредени права како што е правото на штрајк и сл.

Трет предавач беше Асс.М-р Лазар Јовевски од Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Неговата тема беше насловена како **„Колективните договори во државниот сектор со посебен осврт на Колективните договори кај работодавачот".**

Темата од практичен аспект беше мошне корисна за слушателите бидејќи Колективните договори се од големо значење за Синдикатот.

Од организациски аспект и оваа школа беше одлично подготвена со три актуелни теми и компетентни предавчи. И на оваа синдикална школа како и порано бројот на учесниците беше околу 100 учесници, односно соодветен на интересот што досега беше пројавен за овој вид на едукација. На крајот секој од учесниците доби диплома за учество на синдикалната школа.

### СЕМИНАРИ НА ТЕМА „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА СИНДИКАЛНИТЕ ЛИДЕРИ И АКТИВИСТИ“

# ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

***Во периодот од 16 до 18 јуни во хотел Славија Охрид, Синдикатот на УПОЗ во соработка со фондацијата “Фридрих Еберт” одржа семинар на тема „Зајакнување на капацитетите на синдикалните лидери и активисти”. Учесници на семинарот беа членови на Претседателството на Синдикатот на УПОЗ, како и членови на одборите и комисиите конституирани од страна на Синдикатот.***

***Предавачи на семинарот беа проф. д-р Борче Давитковски, м-р Димитар Апасиев и проф. д-р Константин Петковски.***

На оваа тема прв говореше проф. д-р Борче Давитковски кој се осврна на промените што треба да се направат во Законите за државни и јавни службеници, како и потребата од примена на истите. Во своето излагање, тој укажа на фактот што Синдикатот на УПОЗ беше буквално единствениот што ја алармираше јавноста во изминативе две години за недостатоците во овие два закона и за потребата од вклучување на синдикатите во подготовката на вакви клучни закони кои ќе влијаат на над 120.000 вработени во јавната и државната администрација.

М-р Димитар Апасиев се обиде да направи резиме на кингата “Обезвреднување на трудот”. Тој стави посебен акцент на фактот што во изминативе 20 години, различните политички опции кои што биле на власт подеднакво ги намалувале работничките права преку разни закони. Истовремено ги посочи како специфични примери Законот за работни односи и Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Сите присутни добија по една (скратена) брошура од книгата “Обезвреднување на трудот”.

Професорот Петковски својата сесија ја искористи за едно динамично предавање на која направи една добра споредба помеѓу способностите кои што лидерот треба да ги поседува и капацитетите кои свесно истиот треба да ги зајакнува, Преку разни примери од менаџментот и човековите ресурси, професорот Петковски го истакна фактот дека не секој Претседател на синдикална организација е лидер по функција. Професорот имаше и две интерактивни вежби на кои самите учесници имаа можност да ги препознаат своите карактеристики и каде тие припаѓаат во разните шеми на карактерни особини.

Во поединечни разговори со учесниците на семинарот, како и по искажувањето на нивното мислење на завршетокот на истиот може да се заклучи дека двата семинари беа извонредно организирани и добро прифатени од членовите на УПОЗ.



СЕ ОДРЖАА СЕДУМНАЕСЕТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ

# АПЕЛАЦИОНО ПОДРАЧЈЕ СКОПЈЕ СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК

***Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ) од 9 до 11 јуни 2011 година во Охрид во хотелот „Метропол" ги одржа своите традиционални синдикални игри и тоа по 17-ти пат.***

Од 9 до 11 јуни 2011 година по 17-ти пат во хотелот "Метропол" во Охрид се одржаа Спортските игри и средби на Синдикатот на УПОЗ. На игрите учествуваа околу 400-тина учесници, како и претставници на Синдикатот на државните и локалните службеници и намештеници од Хрватска и тоа 56 учесници. Игрите свечено ги отвори Претседателот на Синдикатот на УПОЗ Пецо Грујовски. Тој ги поздрави сите учесници и им посака спортско и фер натпреварување и дружење. Претходно учесниците ги поздрави претседавачот на Општината Охрид, како и Претседателот на Синдикатот на хемија, метали и неметали Зоран Мироновски кои изразија благодарност за поканата и посакаа игрите да поминат во најдобар ред и незаборавно дружење.



## РЕЗУЛТАТИ:

**Севкупен победник на игрите е екипата на Апелационото подрачје Скопје**

**Севкупен победник во машка конкуренција е екипата на Апелационото подрачје Скопје,**

**Севкупен победник во женска конкуренција е екипата на Локалната самоуправа Карпош.**

**Наградата за најдобар спортист му припадна на Милинко Влаховиќ од Фондот на ПИОМ.**

## Машка конкуренција прво место:

Мал фудбал...**Фонд за ПИОМ**
Кошарка........**Апелационо подрачје Скопје**
Одбојка.........**Агенција за катастар на недвижности**
Пинг Понг......**Локална самоуправа Прилеп**
Шах...............**Апелационо подрачје Скопје**
Стрелаштво....**Локална самоуправа Карпош**
Пикадо..........**Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство**
Тенис............**Апелационо подрачје Скопје**

## Женска конкуренција прво место:

Пикадо..........**Фонд за ПИОМ**
Баскет...........**Локална самоуправа Струга**
Одбојка.........**Локална самоуправа Струга**
Пинг-Понг......**Локална самоуправа Карпош**
Шах...............**Апелационо подрачје Скопје**
Стрелаштво....**Апелационо подрачје Скопје**
Тенис............**Локална самоуправа Карпош**

**Заедничка дисциплина - Влечење јаже**
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

Според заклучоците и овие спортски игри и средби како и предходните поминаа во одлична атмосфера, натпреварување и дружење.

И покрај некои пропусти, генерално може да се каже дека Седумнаесеттите спортски игри и средби на Синдикатот на УПОЗ беа добро подготвени и организирани, учесниците беа задоволни од севкупната организација, можноста да се дружат и забавуваат и да ја продолжат традицијата која опстојува веќе седумнаесет години.


**IMPRESSUM**

**Гласило на Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ**

12 Ударна бригада 6б–Скопје,
тел./факс: 02/32–30–829; 02/31–26–351;
www.upoz.org.mk

• Билтенот го подготвува и уредува: **Марта Атанасовска**

• Компјутерска подготовка: **"Макформ"- Скопје**